РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО

Врз основа на член 10 став 6 од Законот за семе ( Службен весник на СРМ" бр. 18/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ СТРУЧНА И ЗДРАВСТВЕНА КОНТРОЛА НАД ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЗЕМЈОДЕЛСКО СЕМЕ

## Член 1

Стручната и здравствената контрола над производството на земјоделско семе (стручна контрола) се врши според единствените методи за вршење стручна и здравствена контрола над производството на земјоделско семе (единствени методи) што се составен дел на овој правилник.

## Член 2

Со стручната контрола на сортно семе се утврдува:

1) видот, сортата, категоријата и потеклото на употребениот семенски материјал;
2) автентичноста и чистотата на видот и сортата;
3) просторната изолација на посевот;
4) здравствената состојба на посевот и присуство на плевели;
5) општата состојба и развојот на посевот;
6) предпосевот и применетите агротехнички мерки;
7) очекуваниот принос на натурално семе.

Со стручната контрола на несортно семе се утврдува:

1) потеклото и видот на употребениот семенски материјал;
2) чистотата на видот;
3) податоците и состојбата наведени во точките 3 до 7 од ставот 1 на овој член.

## Член 3

Видот, сортата, категоријата и потеклото на употребениот семенски материјал се утврдуваат на основа уверението за признавање на семенскиот посев и декларацијата за квалитетот на тој семенски материјал.

Ако употребениот семенски материјал потекнува од увоз, неговото потекло, вид, сорта и категорија се утврдуваат врз основа на документот за признавање на семенски посев и цертификатот за квалитет издадени од овластена установа на земјата во која е произведено семето.

## Член 4

Автентичноста и чистотата на видот односно сортата се утврдуваат со преглед на посевите во време кога се тие најзабележливи на растенијата.

**Член 5**

Со просторната изолација се утврдува оддалеченоста на семенскиот посев од другите посеви од исти или други видови или сорти растенија со кои може да дојде до вкрстување.

**Член 6**

Со здравствената состојба на семенскиот посев се утврдуваат растениски болести и штетници, чие присуство не е дозволено или е дозволено само до одреден процент.

Со присуство на плевели во семенскиот посев се утврдува заплевеленоста на посевот, а нарочно присуството на карантински плевели како и плевели кои генетски (биолошки), здравствено и механички делуваат на квалитетот на семето.

**Член 7**

Со општата состојба и развојот на посевот се утврдува изгледот и изедначеноста на посевот, неговиот пораст, како и другите карактеристични особини на растенијата од тој вид односно сорта.

**Член 8**

За производството на земјоделско семе производителот ја известува овластената организација што врши стручна контрола (стручна служба) во смисла на членот 11 од Законот за семе, како и за потеклото на семенскиот материјал, името на одговорниот стручњак за производство на семе и бројот на решението со кое организацијата е запишана во регистарот на производители на семе.

Ако производителот произведува семе во кооперација, ќе извести и за називот односно името на кооперантот.

**Член 9**

Стручната служба што врши стручна контрола води евиденција во вид на книга за известувањата на производството на семе со податоци за организациите, површините, ознаката на семенските парцели, видот, сортата и категоријата и тоа по хронолошки ред.

**Член 10**

За секоја земјоделска култура се вршат одреден број прегледи на посевот на начин одреден со единствените методи.

**Член 11**

Прегледите на семенските посеви се вршат во време кога на растенијата најдобро можат да се забележат карактеристиките на видот односно сортата, евентуалното присуство на растениски болести, штетници и паразити односно плевели, како и општата состојба и развитокот на посевот и се утврдува и просторната изолација.

Посевот се признава како семенски откако ќе се извршат сите прегледи утврдени со единствените методи.

**Член 12**

Прегледите на семенските посеви ги вршат стручни лица за семенарство по групи култури и стручни лица за заштита на растенијата од стручните служби во присуство на стручњакот за производство на семе од производната организација.

**Член 13**

По секој преглед на семенскиот посев се составува записник.

Записникот се составува во три примероци според обрасците 1, 2 и 3 што се составен дел на овој правилник. Првиот примерок од записникот се дава на производителот на семето.

**Член 14**

Ако по извршувањето на сите прегледи се утврди дека семенскиот посев ги исполнува условите пропишани со овој правилник, врз основа на записниците, се издава уверение за признавање на семенскиот посев.

Уверението за признавање на семенскиот посев се издава според образецот 4 што е составен дел на овој правилник.

За несортно семе во образецот 4 во графата сортно семе" се внесува несортно семе".

Стручната служба води книга за евиденција на издадените уверенија за признавање на семенските посеви по организации, по видови, сорти и категории семе, а за несортното семе само по видови.

**Член 15**

Уверенијата за признавање за семенските посеви издадени до влегувањето во сила на овој правилник остануваат во сила.

**Член 16**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 10-511/2
29 март 1976 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
д-р **Јанко Лазаревски,** с. р.

Образец бр. 1

---

(Назив на организацијата на здружен труд — стручна служба)

ЗАПИСНИК Бр. —

за стручна и здравствена контрола над производството на земјоделско семе

I — Производител:

1. Назив и место —

II — Потекло на употребеното семе:

1. Вид —
2. Сорта-хибрид —
3. Категорија —
4. Број и датум на уверението за апробација и која служба го издала —
5. Назив и место на производителот на тоа семе —

III — Семенски посев:

1. Површина на парцелата (ха) — ознака (назив и број) —
2. Претпосев —
3. Датум на сеидбата (расадувањето) —
4. Фаза на развојот на растенијата при прегледот —
5. Заплевеленост (оценка 0-3 и вид на плевели) —
6. Полегнување на посевот (оценка 0-3 и % на полегнатата површина —
7. Изедначеност —
8. Просторна изолација — метри —
9. Напад од болести и штетници (вид, оценка на интензитетот од 0-3 и %) —
10. Чистота на видот — сортата (во %) —
11. Назив на примеси од другите видови — сорти на 100 $m^2$ —
12. Општа состојба на посевот (одлична до слаба) —

13. Очекуван принос — натурално семе (мц/ха) ——— и вкупен принос натурално семе од парцелата (мц) ———
14. Препорака на производителот: ———

———

———

Место ———
Датум на прегледот ———

За производителот,
———
Име
———
и потпис и печат

Стручна служба,
1. Име на стручњакот за апробација ———
———
и потпис ———
2. Име на стручњакот за заштита на растенијата,
———
и потпис ———

Образец 2

———
(Назив на организацијата на здружен труд — стручна служба)

**ЗАПИСНИК Бр. ——**

за стручна и здравствена контрола за поткршување на метлиците кај семенскиот посев хибридна пченка

1. Производител ———
2. Место — адреса ———
3. Име на хибридот ———
4. Површина на парцелата ха ——, ознака (назив и број) ———
5. Просторна изолација — метри ———
6. Состојба на семенскиот посев
   а) % на мајчински растенија кои имаат свила ———
   б) % на непоткршени метлици кои прашат полен ———
   в) % на касно поткршени метлици кои прашеле полен ———
   г) % на нетипични татковски растенија ———
   д) % на нетипични мајчински растенија ———
7. Болести и штетници ———
   (вид, оценка на интензитетот од 0-3 и %)
8. Препорака на производителот: ———

———

———

Место ———
Датум на прегледот ———

За производителот,
———
Име
———
и потпис и печат

Стручна служба,
1. Име на стручњакот за апробација ———
———
и потпис ———
2. Име на стручњакот за заштита на растенијата,
———
и потпис ———

Образец бр. 3

———
(Назив на организацијата на здружен труд — стручна служба)

**ЗАПИСНИК Бр. ——**

за стручна и здравствена контрола над производството на семе од хибридна пченка

1. Производител ———
2. Место и адреса ———
3. Име на хибридот ———
4. Потекло на употребениот семенски материјал:
   а) Број и датум на уверението за апробација и која служба го издала ———
   б) Назив и место на производителот на семенскиот материјал ———
5. Површина на парцелата ха ——, ознака (назив и број) ———
6. Сортна чистота:
   а) % на нетипични класови ———
   б) % на сомнителни класови ———
   в) % на класови со ксенијални зрна ———
7. Здравствена состојба (вид, оценка на интензитетот од 0-5 и %) ———
8. Очекуван принос — натурално семе (мц/ха): ——— и вкупен принос натурално семе од парцелата во мц ———
9. Препорака на производителот: ———

———

———

Место ———
Датум на прегледот ———

За производителот,
———
Име
———
и потпис и печат

Стручна служба,
1. Име на стручњакот за апробација ———
———
и потпис ———
2. Име на стручњакот за заштита на растенијата,
———
и потпис ———

Образец бр. 4

———
(Назив на организацијата на здружен труд — стручна служба)

Број ———
Датум ———
Место ———

**УВЕРЕНИЕ Бр. ——**

за признавање (апробација) на семенскиот посев

1. Производител ———
2. Место — адреса ———
3. Број на решението за запишување во регистарот на производители ———
4. Вид на семето (народно и латинско име) ———
5. Сорта на семето — назив на хибридот ———
6. *Година на производството* ———
7. Потекло на употребениот семенски материјал:
   а) Број и датум на уверението за апробација ———
   б) ———
   (*назив и место на стручната служба која го издала уверението*)
8. Површина на семенскиот посев во ха ———
9. Оценка на приносот натурално семе во мц/ха ———
10. Оценка на вкупниот принос натурално семе во мц ———

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за семе (*„Службен весник на СРМ" бр. 18/73) и за*писникот број —— од ——— за извршената стручна и здравствена контрола, се потврдува дека производството на наведеното семе е извршено под контрола на оваа стручна служба, па семенскиот *посев се признава како:*

— сортен*) — категорија ——— — несортен*) во смисла на член 9 од Законот за семе.

———
*) Непотребното да се прецрта

Одговорно лице
на организацијата на здружен труд
— стручна служба —
———
име
потпис и печат ———

## I. Методи кај семенските посеви жита

### 1. Стрни жита

Кај стрните жита (пченица, јачмен, овес и 'рж) задолжителни се два прегледа.

Првиот преглед се врши по завршеното класање или цутење на растенијата. Со тој преглед се утврдува чистотата на видот односно сортата, присуството на плевели, нападот од растителни болести и штетници, нарочно од оние кои се пренесуваат со семе, како и изгледот, изедначеноста и полегањето на посевот.

Вториот преглед се врши кога растенијата се во восочно зреење. Со овој преглед се утврдува процентот на примеси од други видови и сорти, здравствената состојба на посевот, присуството на плевели, изгледот и полегањето на посевот и очекуваниот принос на семе.

Посевот на стрни жита нема да се признае како семенски ако се утврди:

1. присуство на класови од други видови жита;
2. дека не се исполнети условите пропишани со нормите за признавање семенски посеви на пченица, јачмен, овес и 'рж (табела број 1);
3. присуство на гламја (tilletia spp) или житна нематода (Anguina tritici Steimb);
4. присуство на Fusarium graminearum Schw на повеќе од 5% класови;
5. присуство на Puccinia spp и Erysiphe graminis DC со интензитет на нападот поголем од оценката 2 (заглавие VI точка 1);
6. присуство на други болести и штетници со интензитет на нападот поголем од оценката 1 (заглавие VI точка 1);
7. дека не се исполнети условите пропишани со нормите за најмала просторна изолација на семенските посеви од посевите на други сорти или ботанички видови со кои се вкрстуваат (табела број 6);
8. дека полегањето на растенијата во посевот пред почетокот на млечното зреење е повеќе од 20%. Ако посевот е полегнат само во еден дел од парцелата, нема да се признае само тој дел од парцелата;
9. неизедначеност на посевот на повеќе од 20% од вкупната површина. При оценувањето на изедначеноста се зема предвид бујноста на посевот, густината, големината и плодноста на класовите и зреењето;
10. присуство на Avena fatua L. див овес или Avena ludoviciana Dur.

Посевот на хелда нема да се признае ако се утврди присуство повеќе од 2% татарска хелда (Polygonum tataricum L).

Табела број 1 Норми за признавање семенски посеви од пченица, јачмен, овес и 'рж.

| | Максимален број калсови на 100 $м^2$ | Категорија |
|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Класови на други сорти | 0 | 0 | 5 | 10 |
| 2. Класови (примарни) заразени со Ustilago spp кај пченицата, овесот и ржта | 0 | 0 | 10 | 15 |
| 3. Класови (примарни заразени со Ustilago spp кај јачменот | 5 | 10 | 20 | 30 |
| 4. Заплевеленост (број растенија) | | | | |
| - Polugonum lapthifolium L | 0 | 0 | 0 | 2 |
| - Lolium temulentium L. | 0 | 0 | 0 | 2 |

Овие норми важат за посеви со нормален склоп, кој е на 1 м$^{+}$ за пченицата 600 класа, за јачменот и 'ржта 450 класа и за овесот 500 класа.

Автентичноста на сортната чистота, односно чистотата на видот на посевот стрни жита се утврдува со детален преглед на мострата на контролната единица. За контролна единица се зема површина од 100 м$^{+}$. Во посевот на растојание од 100 м (од ивицата на парцелата) се одредува број на класови од туѓи примеси на 100 м$^{+}$. Ако парцелата е помала од 1 ха тогаш бројот класови на туѓи примеси се пресметува со односот на бројот на класовите туѓи примеси спрема бројот на класовите на 1 м$^{+}$ (густината на склопот). Ако посевот е неизедначен просечната мостра се зема од повеќе места и како процент на примеси се зема средната вредност на наодот.

## 2. П ч е н к а

А. Во производството на сортното семе пченка задолжителни се најмалку два прегледа.

Првиот преглед се врши пред бербата, во време кога може да се утврди сортната автентичност. За утврдување на Helminthosporium spp преглед се врши после формирањето на класови.

Вториот преглед се врши на класовите во кош односно пред сушење за исфрлање на нетипични и дефектни класови.

Посевот на сортно семе пченка нема да се признае како семенски ако се утврди дека:

а) оддалеченоста на полето со семенски посев е помала од 200 м од другите полиња со пченка;

б) кај повеќе од 0,5 % растенија во посевот е извршено мешање со други сорти (нетипични растенија или класови за таа сорта).

Б. Во производството на семе пченка од едностраки или дволиниски хибриди (Single cross) задолжителни се најмалку 6 прегледи. Првиот преглед се врши во време кога растението развие 5-7 листа, вториот, третиот и четвртиот за време на опрашување, петтиот пред берба, а шестиот преглед на пченката во класови се врши во кош односно пред сушење.

Посевот пченка од еднострaки и дволиниски хибриди нема да се признае како семенски ако се утврди дека:

а) мајчинските растенија не биле оддалечени најмалку 200 м од други посеви со пченка;

б) во татковските растенија за време на расфрлањето на полен имало повеќе од 0,1 нетипични или повеќе од 2% сомнителни растенија;

в) во мајчинските растенија за време на последниот преглед при опрашувањето (расфрлањето на полен) имало повеќе од 0,1 нетипични или повеќе од 2% сомнителни растенија;

г) кај кој било преглед во време на закинувањето на метлиците на мајчинските растенија имало повеќе од 1% метлици кои расфрлаат полен односно дека во сите три прегледи имало повеќе од 2% на такви метлици (растенија);

д) при прегледот на класовите пред сушење имало повеќе од 0,1% нетипични растенија или повеќе од 2% класови со зрна нетипични по боја, големина, состав (текстура) и други особини.

В. Во производството на семе пченка од двостраки или четворолиниски хибриди (Double cross) задолжителни се најмалку пет прегледи. Првите три прегледи на посевот се вршат пред и за време на опрашувањето, четвртиот пред берба, а петтиот преглед на пченката во класови се врши во кош односно пред сушење.

Посевот пченка од двостраки или четворолиниски хибриди нема да се признае како семенски ако се утврди дека:

а) мајчинските растенија не биле оддалечени најмалку 200 м од други посеви со пченка;

б) во татковските растенија за време на расфрлањето на полен имало повеќе од 0,2% нетипични или повеќе од 2% сомнителни растенија;

в) во мајчинските растенија за време на последниот преглед при опрашувањето (расфрлањето на полен) имало повеќе од 0,2% нетипични или повеќе од 2% сомнителни растенија;

г) кај кој било преглед за време на закинување на метлиците на мајчинските растенија имало повеќе од 1% метлици кои расфрлаат полен, односно дека во сите три прегледи вкупно имало повеќе од 2% такви метлици (растенија).

Метлиците на заперците, деловите на метлиците или метлиците на главните растенија се пресметуваат како растенија кои расфрлале полен и тоа кога на кое било гранче на метлицата на должина од 5 см или повеќе прашниците излегле од цветовите.

Овие услови важат само кога повеќе од 5% мајчински растенија имаат свила способна за оплодување.

Посевот на сортна и хибридна пченка нема да се признае како семенски ако покрај спомнатото во точките 1, 2 и 3 се утврди дека има:

а) растенија заразени со праховита гламја (Sorosporium reilianum Clinte);

б) црвенило на пченката над 10%;

в) меуреста гламја (Ustilago maydis (DC) Corda) над 15%;

г) фузариози (Fusaruium spp) на повеќе од 25% класови и со најповеќе 1/5 зараза на поодделни класови;

д) пченкарен пламенец (Pyrausta nubilalis Hbn) над 25%.

### 3. О р и з

Кај оризот задолжителни се два прегледа.

Првиот преглед се врши во фаза на класање кога се утврдува чистотата на видот, изгледот и изедначеноста на посевот, присуството на плевели и здравствената состојба на посевот.

Вториот преглед се врши во фаза на восочна зрелост, кога се утврдува сортната чистота, присуството на црвени класја, плевели, изедначеноста и полегањето, како и здравствената состојба на посевите.

Посевот ориз нема да се признае како семенски ако:

а) на 100 м† има повеќе од 3 растенија од други сорти и видови;

б) има растенија со црвени класја повеќе од 1;

в) ако е неизедначеноста и полегањето на посевот повеќе од 20%, односно ако посевот полегнал само во еден дел од парцелата нема да се признае само тој дел од парцелата;

г) ако присуството на болести и штетници и заплевеленоста се над оценката 1 (заглавие VI. точка 1);

## II. Методи кај семенските посеви од индустриски растенија

### 1. С о н ч о г л е д

Кај сончогледот се задолжителни три прегледа.

Првиот преглед се врши кога растението развие 6-7 чифта лисја, заради утврдување просторната изолација и растенија заболени од пламеница.

Вториот преглед се врши пред цветањето за да се отстранат растенијата кои се гранат, стрчат, со насадени глави и се заболени од Plasmopara halstedii (Farl.) Berl et de Toni, Sclerotinia libertiana Fuckel i Botrytis cinerea Pers ex Fr.

Третиот преглед се врши во почетокот на техничката зрелост за проверување дали се отстранети растенијата кои се гранат, стрчат и со насадени глави, за утврдување сортната типичност на растенијата и семето и здравствената состојба на посевот. Посевот на семе од сончоглед нема да се признае како семенски ако:

а) во посевот има повеќецветни растенија над 3%;

б) во посевот има над 5% нетипични растенија за сортата во поглед на височината на стебликата и растенија со насадени глави;

в) просторната изолација е помала од пропишаната (табела број 6);

г) на посевот се утврди присуство на: пламеницата Plasmopara halstedii (Farl.) Berl et de Toni, односно ако заболените растенија утврдени при првиот преглед не се отстранети и запалени или закопани длабоко во земјата;

чума (Orobanche Cumana Mutel.) на преку I% од растенијата, односно ако нападнатите растенија пред цветањето на чумата не биле отстранети;

Botrytis cinerea i Rhyzopus spp на преку 5% од заболени растенија и овенати растенија поради појавата на Sclerotium bataticola Taub и други узрочници над 25%.

### 2. С о ј а

Кај сојата се задолжителни два прегледа.

Првиот преглед се врши во време на цветањето на растенијата, за да се утврди сортната чистота, заплевеленоста и здравствената состојба на посевот.

Вториот преглед се врши во време на зреењето на растенијата, за да се провери сортната чистота и утврди здравствената состојба на посевот. Посевот на семе од соја нема да се признае како семенско ако:

а) сортната чистота кај категоријата оригинал е под 100%, кај I сортна репродукција под 97% и II сортна репродукција под 90%.

б) интензитетот на нападот од растениските болести и штетници или заплевеленоста е над оценката 1 (заглавие VI точка 1).

### 3. Р и ц и н у с

Кај рицинусот се задолжителни најмалку два прегледа.

Првиот преглед се врши пред почетокот на цветањето, за да се утврди просторната изолација и да се отстранат растенијата нетипични за сортата, што се утврдува според бојата на стеблото и лисјата.

Вториот преглед се врши во време на зреењето за утврдување здравствената состојба на посевот и проверување дали се отстранети сите нетипични растенија.

Посевот на семе од рицинус нема да се признае како семенски ако се утврди дека:

а) бројот на нетипични растенија е поголем од 3%;

б) интензитетот на нападот од растениски болести и штетници или заплевеленоста на посевот е над оценката 1 (заглавие VI точка 1);

в) просторната изолација не е по нормите од табелата број 6.

### 4. Ш е ќ е р н а р е п а

А. Кај производството на семе од шеќерна репа во двогодишна вегетација задолжителни се по два прегледа во секоја година.

Првата година кон крајот на мај месец се врши првиот преглед на присуство на лисни вошки (Myzus persicae Sulcer и Aphis fabae Scop), од кои во посевот не смеат да бидат нападнати повеќе од 2% растенија, заради спречување појавата на вирусот на жолтицата (Beta virus 4 Smith). Вториот преглед се врши во почетокот на август месец на појава на дамкавост на лисјата (Cercospora beticola Sacc), и репиниот молец (Phthorimea ocelatella Boyd), чиј интензитет на нападот не смее да биде над оценката 1 (заглавие VI точка 1).

Втората година, првиот преглед се врши во мај заради утврдување просторната изолација, присуството на лисни вошки, за да се спречи појавата на вирусот на жолтицата и заради утврдување присуството на пламеницата на шеќерната репа (Peronospora schachtii Fuckel). Вториот преглед се врши во јуни заради утврдување присуството на дамкавоста на лисјата.

Б. Кај производството на семе од шеќерна репа во едногодишна вегетација задолжителни се два прегледа. Двата прегледа се вршат во исто време и со иста цел како и прегледите во втората година кај производството на семе од шеќерна репа во двогодишна вегетација.

Посевот на шеќерна репа во едногодишно или двогодишно производство нема да се признае како семенски ако:

а) интензитетот на нападот од растениски болести и штетници или интензитетот на заплевеленоста е поголем од оценката 1 (заглавие VI точка 1);

б) просторната изолација е помала од пропишаната (табела број 6);

в) посевот е нападнат со репина нематода (Heterodera schachtii Schmidt).

5. К о н о п

Кај конопот задолжителни се најмалку два прегледа.

Првиот преглед се врши пред цветањето на растенијата, заради чистење на посевот од други сорти и нетипични растенија, како и плевели.

Вториот преглед се врши пред бербата, заради утврдување на сортната чистота, изедначеноста, височината и здравствената состојба на посевот.

Посевот на семето од коноп нема да се признае како семенски ако се утврди дека:

а) растенијата се пониски од 150 см;

б) просторната изолација е помала од пропишаната (табела број 6);

в) при вториот преглед се утврди присуство на плевелот (Ambrosia artemisiifolia L.) и вилината косица (Cuscuta spp.), како и присуство на чумата (Orobanche ramosa L.). Задолжително е отстранување на чумата пред нејзиното цветање без оглед на интензитетот на нападот;

г) интензитетот на нападот од растениски болести и штетници или на заплевеленоста е над оценката 1 (заглавие VI точка 1).

6. П а м у к

Кај памукот се задолжителни два прегледа.

Првиот преглед се врши во време на масовото цветање на посевот за да се утврди сортната чистота, заплевеленоста и здравствената состојба.

Вториот преглед се врши во фаза на отворање на чушките, кога на секое растение се отворени 1-2 чушки и се утврдува сортната чистота и здравствената состојба на посевот.

Пред прегледите се задолжителни две сортни плевења. Првото плевење се врши на 5-6 дена пред цветањето, а второто во почетокот на зреењето на првите чушки. Со овие плевења се отстрануваат сите нетипични растенија за дотичната сорта, растенијата болни од Bacterium malvacearum E. F. Smith или од други болести, како и слабо развиените растенија. Посевот памук нема да се признае како семенски ако се утврди:

а) на 100 м⁺ посев кај категоријата елита и оригинал едно растение од други сорти, кај I сортна репродукција над 20, а кај II сортна репродукција над 50 растенија од други сорти;

б) дека просторната изолација е помала од 200 метри;

в) присуство на памуков молец (Pectinophora gossypiella Saund);

г) дека посевот е заразен со цисти од нематода;

д) на 100 м+ од посевот за категориите елита и оригинал едно растение заразено со Bacterium malvacearum, за I сортна репродукција над 20 заразени растенија, за II сортна репродукција над 50, а со Verticilium spp за елита и оригинал едно заразено растение, за I сортна репродукција над 5, а за II сортна репродукција над 10 заразени растенија;

ѓ) изедначеност на посевот помала од оценката многу добра;

е) заплевеленост над оценката 1 (заглавие VI точка 1);

ж) принос по хектар помал од 1.000 кг.

Од апробираниот посев семе се зема само од првата и втората берба памук.

## 7. Т у т у н

Кај тутунот се задолжителни два прегледа.

Првиот преглед се врши пред појавата на цветните папки, а вториот за време на појавата на цветните папки, со цел основниот тип да се исчисти од сите растенија од други типови и заразени со вирусни болести (Virus spp) и со пламеницата на тутунот (Peronospora tabacina Adam).

Посевот на тутун нема да се признае како семенски ако:

а) бројот на нетипични растенија е поголем од 3%, или ако има растенија од други типови во кој и да било процент;

б) просторната изолација е помала од 500 м на отворен простор, или помала од 300 м кога просторната изолација е природна, а во колку се врши рачна кастрација или рачно опрашување, како и кај хибридите добиени на база на машка стерилност, просторна изолација не е потребна;

в) посевот е нападнат од чума (Orobanche spp);

г) интензитетот на нападот од растениски болести и штетници или заплевеленоста е над оценката 1 (заглавие VI точка 1).

## 8. А ф и о н

Кај афионот се задолжителни три прегледа.

Првиот преглед се врши во фаза на розета кога има 6-8 чифта лисја, заради утврдување присуството на пламеница.

Вториот преглед се врши во фаза на цветање за отстранување на растенија од други сорти и за утврдување на здравствената состојба.

Третиот преглед се врши во време на потполната зрелост на растенијата за утврдување на сортната чистота и здравствената состојба.

Посевот на афион за семе нема да се признае како семенски ако:

а) во посевот има повеќе од 0,5% други сорти афион;

б) при прегледот се констатира присуство на пламеницата (Peronospora arborescens de Bary);

в) просторната изолација е помала од 200 м.

## 9. М а с л о д а ј н а   р е п к а   и   м а с л о д а ј н а   р о т к в и ц а

Кај маслодајната репка и маслодајната ротквица задолжителни се два прегледа.

Првиот преглед се врши во време на цветањето, а вториот во време кога најмалку 60% од растенијата достигнат техничка зрелост.

Кај првиот преглед се утврдува просторната изолација, како и процентот на примеси дијагонално од три места на парцелата, а секое место мора да има површина од 150 м† (100 х 1,5 м).

Максималниот дозволен број на растенија-примеси по секое испитувано место изнесува:

| Растенија | К а т е г о р и ј а | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Растенија кои припаѓаат на други сорти или видови | 0 | 5 | 10 | 10 |
| - Растенија на други културни видови чие семе со чистење тешко се двои | 0 | 5 | 10 | 10 |
| - Растенија плевели чие семе со чистење тешко се двои | 0 | 10 | 25 | 25 |

Кај вториот преглед мора да се утврди нападот од болести, степенот на зреењето и очекуваниот принос на натурално семе.

Посевот на маслодајна репка и маслодајна ротквица нема да се признае како семенски ако се утврди:

а) примеси на други сорти од ист вид повеќе од што е дозволено за поедини категории семе;

б) напад од болести и штетници поголем од оценката 1 (заглавие VI точка 1);

в) присуство на други културни видови или плевели чие семе со чистење тешко се двои повеќе од што е дозволено за поедини категории семе;

г) просторна изолација помала од нормите утврдени во табелата број 6.

## 10. С и р а к   м е т л а ш

Кај сиракот метлаш задолжителни се три прегледа.

Првиот преглед се врши во фаза кога растенијата имаат 9-10 листа, вториот во период на метлење, а третиот пред берба во време на восочна зрелост.

Со првиот преглед се утврдува потеклото на семето, засеаната површина, здравствената состојба и се даваат препораки на производителот за отстранување на заболените растенија од црвенило од бактериско и вирусно потекло и се утврдува просторната изолација.

Со вториот преглед се утврдува здравствената состојба, се контролира отстранувањето на нетипичните растенија, растенијата со кадрава метлица и заболените од црвенилото

(бактериско и вирусно) и се даваат препораки на производителот за примена на агротехнички мерки.

Со третиот преглед се проверува отстранување на заболените растенија од црвенило (Sphacelotheca sorghi) и праховитата гламја (Sorosporium reilianum), се даваат препораки за жетвата и се оценува очекуваниот принос на натурално семе. Посевот на сиракот метлаш нема да се признае како семенски ако:

а) се утврдат примеси на други сорти или културни растенија повеќе од 0,5%

б) во посевот има повеќе од 10% растенија од сиракот тип лулаш" и чачкалица";

в) во посевот има растенија со кадрави метлици повеќе од 1%;

г) просторната изолација не е во склад со нормите утврдени во табелата број 6;

д) се утврди појава на праховитата гламја (Sorosporium reilianum) или црвенило (Sphacelotheca sorghi) на преку 5% растенија;

ѓ) интензитетот на нападот од болести и штетници или заплевеленоста се над оценката 1;

е) во посевот има видови плевели од родот Sorghum со кои се пренесуваат болести.

## III. Методи кај семенски посеви од фуражни култури

### 1. Р е п а, м о р к о в и а л а б а ш

Кај репата, морковот и алабашот задолжителни се три прегледи.

Првиот преглед се врши во година кога се произведуваат и садат пресадниците или кога директно се сеат на стално место. Со првиот преглед се утврдува потеклото на семето, категоријата, површината, чистотата на сортата, здравствената состојба, агротехничките мерки и просторната изолација.

Вториот преглед се врши во почетокот на вегетацијата по презимувањето за да се провери чистотата на сортата, здравствената состојба, агротехничките мерки и просторната изолација.

Третиот преглед се врши пред жетвата и со него се дополнуваат податоците за состојбата на посевот, се даваат препораки на производителот за жетвата, ориентационо се утврдува времето на жетвата и очекуваниот принос на натурално семе.

### 2. Ф у р а ж е н к е л

Кај фуражниот кел задолжителни се најмалку два прегледа.

Првиот преглед се врши пред цветањето на растенијата, кога се утврдува потеклото на семето, категоријата, површините, чистотата на сортата, здравствената состојба, агротехничките мерки и просторната изолација.

Вториот преглед се врши пред жетвата со која се дополнуваат податоците од првиот преглед и се даваат препораки за жетвата, се утврдува времето на жетвата и очекуваниот принос на натурално семе.

### 3. Ф у р а ж е н с и р а к

При производството на семе од фуражниот сирак задолжителни се три прегледа.

Првиот преглед се врши во време на најинтензивниот пораст и се утврдува потеклото и сортноста на семето, засеаната површина, применетите агротехнички мерки, сортноста, чистотата, просторната изолација и се даваат препораки на производителот.

Вториот преглед се врши во текот на појавата на метлици и се утврдува состојбата на посевот, се проверува сортната чистота и здравствената состојба и се даваат препораки на производителот за отстранување на примесите и нетипичните растенија.

Третиот преглед се врши во восочна зрелост и конечно се утврдува сортната чистота, здравствената состојба, се оценува очекуваниот принос и се даваат препораки за жетвата.

### 4. Репка и огрштица

Кај репката и огрштицата задолжителни се два прегледа и тоа на ист начин како кај маслодајната репица и маслодајната ротквица (заглавие II точка 9).

### 5. Фуражни легуминози

Кај фуражните легуминози задолжителни се два прегледа.

А. Ситнозрни легуминози (луцерка, црвена детелина и др.).

На новозасеаните луцеришта и детелиништа и други посеви со ситнозрни легуминози првиот преглед се врши во истата година кога се засеани. Со првиот преглед се утврдува потеклото на семето, површината на засеаниот семенски посев, агротехничките мерки кои се применуваат, изгледот и општата состојба на посевот. Ако семето се произведува после првиот откос задолжителен е и втор преглед, кој се врши како и вториот преглед на постарите луцеришта и детелиништа.

На постарите луцеришта, детелиништа и другите посеви со ситнозрни легуминози првиот преглед се врши во време на цветањето за утврдување здравствената состојба и изгледот на посевот и давање препораки за негување и заштита на посевот. Вториот преглед се врши пред косењето на посевот (собирање на семето) за дополнување на податоците за состојбата на посевот, давање препораки на производителот за жетвата, ориентационо се утврдува приносот на натурално семе, како и времето на жетвата. Б. Кај крупнозрните фуражни легуминози задолжителни се два прегледа.

Првиот преглед се врши во време на цветањето на растенијата за утврдување потеклото на семето, засеаната површина, здравствената состојба на посевот, заплевеленоста, агротехничките мерки, изедначеноста и општата состојба на посевот, просторната изолација и сортната чистота.

Вториот преглед се врши пред жетвата (прибирање на семето) за дополнување податоците од првиот преглед. Тогаш се даваат и препораки за жетвата, се утврдува времето на жетвата и очекуваниот принос на натурално семе.

Автентичноста и сортната чистота односно чистотата на видот на семенскиот посев со фуражни растенија се утврдува со детален преглед на мустрите на контролната единица.

Кај фуражните кошевини за основна контролна единица се зема површина од 100 м†.

Кај фуражните окопавини за контролна единица се зема:

ако семенскиот посев е на површина од 1 ха 100-200 растенија на рамномерни

растојанија без одбирање, во правец на двете дијагонални линии на семенската парцела;
ако е семенскиот посев на површини:

преку 1 до 2 ха 200-300 растенија во
мострата преку 2 до 5 ха 300-500 преку 5 до 10 ха
500-600

На секој натамошен хектар се земаат по 50 растенија повеќе, односно бројот на растенијата во контролната единица сразмерно се зголемува.

Посевот на напред наведените фуражни растенија (од 1-5) нема да се признае како семенски ако:

а) процентот на примеси од други сорти е над процентот или бројот кој е дозволен за категоријата на производно семе (табела број 2);

б) просторната изолација е помала од дозволената (табела број 6);

в) интензитетот на нападот на растениски болести и штетници или плевели е поголем од оценката 1 (заглавие VI точка 1);

г) посевот луцерка или црвена детелина и други ситнозрнести легуминози е заразен со вилина косица (Cuscuta spp.) или луцеркина мушичка (Contarinia medicaginis Kieff.);

д) во посевот на фуражни окопавини се наоѓаат плевели од иста група кои истовремено цветаат кога и посевот на фуражните окопавини;

ѓ) посевот на легуминози во време на цветањето полегнал на преку 80% од површината, а посевот репка и огрштица на преку 50%;

е) во посевот на сирак се најдат примеси од дивите видови сирак (Sorghum halepense Pers и др.) повеќе од 1%.

## 6. Т р е в и

Кај семенскиот посев треви задолжителни се два прегледа.

Првиот преглед се врши во време на класањето и се утврдува потеклото на семето, категоријата, површината, чистотата на сортата, здравствената состојба, просторната изолација и применатите агротехнички мерки.

Вториот преглед се врши во време на зреењето на семето, а непосредно пред жетвата (собирање на семето), со овој преглед се дополнуваат податоците од првиот преглед, се даваат препораки за жетвата, се утврдува времето на жетвата и приносот на натурално семе.

Семе од треви може да се произведува само од две жетви од еден посев. Посевот треви нема да се признае како семенски ако се утврди дека:

а) процентот на примеси од други сорти е поголем од дозволениот према табелата број 2;

б) процентот на дозволени плевели за категоријата елита е поголем од 0,5%, а за категоријата оригинал поголем од 1%;

в) во посевот има други видови треви кои зреат истовремено со видот од посевот, а семето на истите не може да се одвои при доработката;

г) има карантински плевели и тоа Cuscuta spp за сите видови треви;

д) има растениски болести кои се пренесуваат со семето (Claviceps purpurea Tul, Ustilago spp, Epihloe typhina Tul. Corinebacterium rathay Dowsen);

ѓ) јачината на нападот на растителни болести кои не се пренесуваат со семе ('рѓа и пепелница) е поголема од оценката 2 (заглавие VI точка 1).

**Табела број 2** Дозволени примеси на други сорти во поедини категории фуражни растенија

| Максимален број растенија од други сорти на 100 $м^2$ | Категорија | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Фуражни кошевини и број на примеси | 0 | 5 | 10 | 20 | 30 |
| 2. Луцерка, детелина и смилкита (број на примеси) | 0 | 2 | 4 | 8 | 10 |
| 3. Останати фуражни легуминози (број на примеси) | 0 | 5 | 10 | 20 | 30 |
| 4. Фуражни окопавини во % | 0 | 0,2 | 0,5 | 1 | 2 |
| 5. Треви (%) | 0,5 | 1 | - | - | - |

## IV. Методи кај градинарските култури

### А. Едногодишни градинарски култури

Кај едногодишните градинарски култури задолжителни се најмалку 2 прегледа, а во колку кај вториот преглед не се донесе одлука, тогаш се врши и трет преглед. Третиот преглед го одредува стручната служба која врши контрола над производството на тоа семе.

Кај првиот преглед се утврдува потеклото на семето, засеаната површина, здравствената состојба, заплевеленоста, сортната чистота, агротехничките мерки, изедначеноста на посевот и просторната изолација.

Кај вториот преглед се проверуваат податоците од првиот преглед и повторно се утврдува здравствената состојба, заплевеленоста, сортната чистота, агротехничките мерки, се даваат препораки за жетвата на семето и се одредува приносот на натурално семе.

Спрема потреба кај легуминозите се врши и трет преглед и тоа во време на физиолошкото зреење кога се утврдува и проверува здравствената состојба на зрното (семето), сортната чистота во колку е тоа потребно да се провери кај зрелото семе и ориентационен принос на натурално семе.

#### 1. Грашок, грав и бакла

Првиот преглед се врши во време на цутењето, вториот во технолошка зрелост, а по потреба и третиот во време на физиолошкото зреење.

## 2. Домат, пипер и модар патлиџан

Првиот преглед кај доматот се врши во време на почетното зреење на плодовите од првиот етаж, кај пиперот во време кога се 2-3 плода во технолошка зрелост, а кај патлиџанот во време на почетното технолошко зреење на плодовите.
Вториот преглед се врши кај доматот во време на полната технолошка зрелост т. е. кога повеќе од 50% од плодовите стасале за берење, кај пиперот во време на физиолошкото зреење т.е. кога 2-3 плода на растението ќе поцрвенат, а кај патлиџанот во време на полната физиолошка зрелост на плодовите.

## 3. Краставици, дињи, лубеници и тиквички

Првиот преглед кај краставиците и тиквичките се врши во време кога на секоја вրежа 13 плода стасаат во технолошка зрелост, а кај лубениците и дињите во време кога на 3050% од растенијата во посевот на секоја вրежа ќе стасаат во технолошка зрелост барем по еден плод.
Вториот преглед се врши кога околу 50% од плодовите во посевот ја достигнат полната физиолошка зрелост.

## 4. Салата главеста и ендивиа

Првиот преглед се врши на салатите главести во време кога до 50% во посевот завиткале главица, а кај ендивијата (ако се одгледува како едногодишен посев) во време на технолошката зрелост.
Вториот преглед кај салатите главести се врши во време кога повеќе од 70% од растенијата во посевот потполно ги завиткале главиците. Кај ендивијата вториот преглед се врши од почетокот на избивањето на цутните стапки.

## 5. Спанаќ и блитва

Првиот преглед се врши кога е потполно развиена лисната розета т. е. во технолошкото зреење, а вториот во почетокот на цутењето.

## 6. Репичка

Првиот преглед се врши во време на технолошкото зреење кога се развиени 50-70% од растенијата, а вториот во време на цутењето.

## Б. Двогодишни градинарски култури

Кај двогодишните градинарски растенија задолжителни се најмалку три прегледа.
Првиот преглед се врши во првата година на производството на семеници (изводници), кога најлесно се утврдува сортната чистота. Во првиот преглед покрај сортната чистота, се утврдува

потеклото на семето, здравствената состојба и начинот на приготвување на пресадниците за презимување.

Вториот преглед се врши напролет по садењето или презимувањето на семениците кога се проверуваат и надополнуваат податоците од првиот преглед и кога се утврдува просторната изолација.

Третиот преглед се врши во време на полното цутење до зреењето на семето кога се утврдува здравствената состојба и се оценува очекуваниот принос на натуралното семе.

1. М о р к о в, ц в е к л о, м а г д а н о с, п а ш к а н а т, г е р е в и з и п о с т р н а р е п а

Првиот преглед се врши во првата година наесен кога најмалку 70% од растенијата се во технолошка зрелост.

Вториот преглед се врши напролет по презимувањето или пресадувањето во време на потполниот развој на првите лисја.

Третиот преглед се врши во полното цветање до почетокот на зреењето на семето.

2. К р о м и д и л у к

Првиот преглед се врши првата година кога се главиците (луковиците) потполно развиени, вториот по презимувањето пред или за време на садењето, а третиот во полниот развој од почетокот на цветањето па до зреењето на семето.

3. П р а з

Првиот преглед се врши наесен пред презимувањето, вториот напролет по презимувањето и третиот од почетокот на цветањето до зреењето на семето.

4. З е л к а, к е л, к а р ф и о л и а л а б а ш

Првиот преглед кај зелката, келот и карфиолот се врши во порастот на полната розета, или цветот па до технолошката зрелост кога најмалку 75% од растенијата развиле главица. Кај алабашот кога задебелениот дел на коренот е во полно технолошко зреење.

Вториот преглед се врши напролет по презимувањето во почетокот на развојот на цветните стапки.

Третиот преглед се врши во време на цветањето и почетокот на развојот на комушките.

Посевот зеленчук нема да се признае за семенски ако се утврди дека:

а) процентот на примеси од други сорти и видови го преоѓа процентот или бројот кој е дозволен за категоријата на производно семе (табела број 3);

б) интензитет на нападот на растителни болести и штетници или заплевеленоста е поголем од оценката 1 односно од дозволениот (заглавие VI точка 1 и табела број 4);

в) просторната изолација е помала од пропишаната (табела број 6).

**Табела број 3** Норми за сортната чистота на семенските посеви градинарски култури

| Примеси | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Примеси на други сорти-видови | 0 | 0,10 | 0,25 | 0,50 |
| 2. Примеси на нетипични растенија од исти сорти кај: | | | | |
| - грашок и бакла | 0 | 1,00 | 2,00 | 5,00 |
| - грав | 0 | 0,10 | 1,00 | 2,00 |
| - домат, пипер и патлиџан | 0 | 0,10 | 2,00 | 5,00 |
| - салата и ендивија | 0 | 0,10 | 1,00 | 2,00 |
| - краставица, диња и лубеница | 0 | 1,00 | 3,00 | 5,00 |
| - тиквици | 0 | 3,00 | 5,00 | 10,00 |
| - зелка | 0 | 1,00 | 2,00 | 5,00 |
| - кел | 0 | 2,00 | 3,00 | 5,00 |
| - алабаш | 0 | 0,00 | 1,00 | 2,00 |
| - кромид, праз и лук | 0 | 2,00 | 3,00 | 5,00 |
| - репички | 0 | 2,00 | 5,00 | 10,00 |
| - цвекло | 0 | 1,00 | 3,00 | 5,00 |
| - морков | 0 | 2,00 | 5,00 | 10,00 |
| - магдонос, геревис и спанаќ | 0 | 2,00 | 5,00 | 15,00 |
| - други видови градинарски култури | 0 | 1,00 | 2,00 | 5,00 |

Автентичноста и сортната чистота на семенскиот посев на градинарските култури се утврдува со детален преглед на мострата на контролната единица, а здравствената состојба се проверува на сета површина.

За контролна единица, на рамномерни растојанија без одбирање, во правец на дијагонални линии на семенската парцела која се прегледува, за единица површина до 1 ха се земаат 100-200 растенија, при површина на посевот од 1-2 ха 200-300 растенија, од 2-5 ха 300-500 растенија, од 5-10 ха 500-600 растенија. За секој натамошен хектар бројот на растенијата кои се прегледуваат се зголемува за 50.

**Табела број 4** Дозволен процент на болести кои се пренесуваат со семе во семенските посеви градинарски култури

| Култура | Болест и причинител | Дозволен процент на болести на растенијата |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Boранија и грав | Xanthomonas phaseoli (Smith) Dows | 2 |
| | Pseudomonas phaseolicola (Burkh) Dows | |
| | Corynebacterium flacumfaciens | 10 |
| | Мозаик: Phaseolus virus 1 i 2 Pierce | 10 |
| | Антракноза: Colletotrichum lindemuthianum (Sacc. et Magn.) Bri. et Cav. | 2 |
| Домати | Бактеријална свенатост Corynebacterium michiganense (Smith) Jensen | 0 |
| | Бактеријлен пригор Xanthomonas vesicatoria (Doidge) Dows | 1 |
| | Рак — Didymella lycopersici Kleb | 1 |
| Краставици, дињи и лубеници | Антракноза: Colletotrichum lagenarium (Pass) Ell. et Halst | 5 |
| | Бактериоза Bacterium lachrymans Smith et Bryan | 0 |
| | Лисен пригор Corynespora melonis (Cke) Lind | 0 |
| | Мозаик Cucumis virus 1 | 10 |
| Зелка, ротква и алабаш | Суво гниење Phoma lingam (Tode) Desm. | 0 |
| Грашок | Антракноза — Ascochyta pisi Lib. | 5 |
| | Мозаик — Pisum virus 2 Doolittle et Jones | 5 |
| Кромид и лук | Гламја кај кромидот — Urocystis cepulae Frost. | 0 |
| | Пламеница кај кромидот Peronospora schleideni Ung. | 5 |
| Салата: | Мозаик Lactuca virus 1 Snith | 5 |
| Морков, геревис и магданос | Лисна дамкавост кај морковот Cercospora apii var. carotae (Pas) Kazn. | 2 |
| | Лисна дамкавост кај целерот Cercospora apii Fres. | 2 |
| | Лисна дамкавост кај целерот Septoria apii (Be. et Cav) Chester | 2 |
| | Лисна дамкавост кај магданосот Septoria petroselini Desm. | 2 |
| Пипер | Colletotrichum spp. | 5 |
| | Мозаик — Lycopersicum virus | 1 |
| | Verticillium alboatrum (Rke et Berth) | |
| | Пепелница Leveillula spp | 30 |
| | Phytophthora capsici Leonian | 5 |

Компир

Кај компирот се задолжителни три прегледа, а во равничарските реони каде се врши садење на про'ртени компири и рано вадење четири прегледа.

Првиот преглед се врши кога растението е високо 15-20 см и со него се утврдува потеклото на семето компир, категоријата, засеаните површини, здравствената состојба, заплевеленоста, сортната чистота, општата состојба и изедначеноста, просторната изолација, агротехничките мерки кои се применуваат, како и процентот на празни места настанати поради болести кои се пренесуваат со семе (гниење од микозно и бактериално потекло).

Вториот преглед се врши во полн цвет и со него се утврдува дефинитивно сортната чистота, здравствената состојба, заплевеленоста, општата состојба и изедначеноста и се проверува дали се отстранети болните растенија. При овој преглед се оценува здравствената состојба и на околните посеви ако се други посеви во непосредна близина на семенскиот и се утврдува просторната изолација.

Третиот преглед се врши пред вадењето на компирот или прекинувањето на вегетацијата (уништување на цимата). При овој преглед пак се проверува здравствената состојба на посевот, со вадење (ископ) се земаат репрезентативни мостри за лабораториска анализа на здравствената состојба и се утврдува очекуваниот принос на семе.

Со четвртиот преглед се утврдува дали правилно е уништена цимата по механички или хемиски пат и се проверува здравствената состојба на компирите.

Како репрезентативна мостра се сметаат најмалку 110 компири земени по еден од едно растение од различни места на парцелата при што мора нарочно да се обрне внимание мострите да се земаат од крајните редови кои се граничат со другите посеви со компир. Бројот на мострите зависи од површината на семенскиот посев. На површина од 1 ха се зема една мостра, а за основно семе 2 мостри, на површина од 1-3 ха 2 мостри, а за основно семе 3, од 3-10 ха 3 мостри, а за основното семе 5 и на површина поголема од 10 ха 6 мостри.

Испитувањето на репрезентативните мостри семенски компир на здравствената состојба се врши по методите пропишани со Правилникот за нормите за квалитетот, пакувањето, пломбирањето и декларирањето на семето од земјоделски растенија.

Сортната чистота, здравствената состојба и процентот на празните места се утврдуваат на контролната единица, а сето друго на целата парцела.

Автентичноста и сортната чистота и здравствената состојба на семенскиот посев компири се утврдува со детален преглед на мострите на контролната единица. За контролна единица се земаат 400 растенија по ха со тоа да се дијагонално на парцелата, по случајно одбирање прегледот 20-40 растенија на поедини места. На секој ха се прегледува најмалку една контролна единица. Ако посевот е поголем од 5 ха доволно е да се земат шест контролни единици.

Просторно здравствената изолација на семенскиот компир од другите посеви ја одредува стручната служба, која врши стручна контрола над производството на семе. При одредувањето на потребната изолација се зема предвид степенот на заразеноста на соседните посеви со опасни вирози.

Посевот компир нема да се признае како семенски ако:

а) не е произведен во висински реони или во други подрачја во кои не е применета соодветна технолошка постапка (на‘ртување, следење летењето на лисните вошки, прекинување на вегетацијата уништување на цимата, рано вадење и др.);

б) не ги исполнува условите пропишани во нормите за признавање на семенскиот посев компири (табела број 5);

в) вредносниот број кој претставува степен на зараженост со растителни болести и страни примеси пресметан по нормите за признавање на семенски компир го преоѓа бројот кој е одреден за најниската категорија;

г) кај вториот преглед се утврди дека интензитетот на нападот од компировата пламеница (Phytophthora infestans de Bary) или црните дамки по лисјата (Alternaria solani Sorauer) е поголема од оценката 1 (заглавие VI точка 1);

д) се утврдува зараженост од компировиот рак (Synchytrium endobioticum Perc.) или ако се утврди компирова нематода (Heterodera rostochiensis Woll).

Табела број 5

Минимални норми за признавање на семенскиот посев компири (%)

| Именување | Елита | Оригинал | I сортна репродукција | II сортна репродукција |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| а) примеси на страни сорти | 0,00 | 0,10 | 0,25 | 1,00 |
| б) опасни вирози: — Завиткување на лисјата (Solanum virus 14) — цртичавост (Solanum virus 2) — кдравост (Solanum virus 11) — тежок мозаик (Solanum virus 3) и комбинација — Solanum virus 3 i Solanum virus 1 | | | | |
| Вкупно сите опасни вирози | 0,25 | 0,50 | 1 | 3 |
| в) Благ мозаик: (Solanum virus 1) и други вируси, кои се причинители на оваа болест | 2 | 4 | 6 | 12 |
| г) други вирози: Аукуба мозаик вирус Solanum virus 8 и 9 луцеркин мозаик (Calico) | 0,5 | 1 | 2 | 4 |
| д) бела нога (Rhizoctonia solani Kühn) | | | | |
| ѓ) црна нога (Bacterium phytophthorum) | 0,0 | 0,50 | 2 | 4 |
| е) праховита краставост (Spongospora subterranea Lang.) | 0,0 | 2 | 5 | 10 |
| ж) Празни места настанати поради болести кои се пренесуваат со семе, а се утврдуваат при првиот преглед | 3 | 5 | 10 | 15 |
| Вредносен број | 12 | 25 | 50 | 120 |

Групирањето на посевот компири во поедини категории зависи од потеклото на употребеното семе и од вредносниот број.

Вредносниот број се пресметува така што спрема табелата број 5 процентот во точките од а) до е) се множат и тоа:

за примесите на страни сорти, другите вирози (под г) болести под д) и ѓ) и болести

на кртолите под е) со факторот 1; за благиот мозаик под в) со факторот 2 и за опасните вирози (болести на изродувањето под б) со факторот 25.

## V. Методи кај останатите култури

Во производството на семе од останатите едногодишни и повеќегодишни земјоделски култури задолжителен е онолкав број на прегледи со кои може да се утврдат условите од член 2 на овој правилник за начинот на вршење стручна и здравствена контрола над производството на земјоделско семе.

Посевот нема да се признае како семенски ако интензитетот на нападот на растителни болести и штетници односно заплевеленоста е поголема од оценката 1 (заглавие VI точка 1).

## VI. Заеднички одредби

1. За земјоделските култури кај кои интензитетот на нападот од поедини растителни болести штетници и плевели не е поодделно означен, интензитетот на нападот се утврдува според следните оценки:

а) кај растителните болести и штетници:

оценка 0 кога нема болести и штетници;

оценка 1 кога е до 30% нападната или оштетена растителната површина или има до

5% уништени растенија; оценка 2 ако е 30% 60% нападната или оштетена растителната површина или има

до 10% уништени растенија; оценка 3 ако е преку 60% нападната или оштетена растителната површина или има

над 10% уништени растенија;

б) кај заплевеленоста:

оценка 0 кога нема плевели, оценка 1 кога е слаба заплевеленоста, оценка 2 кога е средна заплевеленоста, оценка 3

кога е јака заплевеленоста.

2. Ако стручната служба која врши контрола над производството на земјоделското семе при вршењето контрола утврди присуство на некои други растителни болести или штетници кои не се назначени кај поодделни култури, а можат да го загрозат семенскиот посев се утврдува степенот на загрозеноста на посевот и тоа се зема предвид при одлучувањето за признавање на семенскиот посев.

Табела број 6 Норми за најмалата просторна изолација на семенските посеви на другите сорти или ботанички видови со кои се вкрстуваат

| Култура | На отворени површини | На површини со природна изолација (м) |
|---|---|---|
| 1. Боранија и грав | 200 | 100 |
| 2. Пипер и патлиџан | 500 | 200 |
| 3. Домат | 200 | 100 |
| 4. Cruciferae (зелка, кел, алабаш, ротквици и др.) | 2000 | 600 |
| 5. Cucurbitacea (лубеница, диња, краставица, тиквица и др.) | 1000 | 500 |
| 6. Грашок | 100 | 50 |
| 7. Спанаќ | 800 | 300 |
| 8. Кромид, лук, праз | 2000 | 500 |
| 9. Морков, магданос и др. | 500 | 100 |
| 10. Салата | 300 | 100 |
| 11. Пченица, јачмен и овес*) | 3 | — |
| 12. 'Рж | 200 | 200 |
| 13. Ориз | | |
| 14. Пченка | 200 | 200 |
| 15. Памук | 200 | 150 |
| 16. Сончоглед | 1.500 | 1000 |
| 17. Афион | 400 | 200 |
| 18. Тутун | 500 | 300 |
| 19. Шеќерна репа и сточна репа: | | |
| — кај полиплоидното повеќекличното семе | 500 | 200 |
| — кај моногермното семе од различни сорти | 500 | 200 |
| — кај полиплоидното, повеќекличното и моногермното семе | 1000 | 500 |
| 20. Рицинус | 500 | 100 |
| 21. Коноп | 500 | 100 |
| 22. Луцерка, црвена детелина и останати детелини | | |
| — под услов да се најблиските парцели со други сорти или несортни посеви покосат и отстранат пред цутењето | 400 | 200 |
| 23. Фуражен сирак | 50 | 20 |
| 24. Олајна репица | 1000 | 600 |
| 25. Пострна репка (сурепка) | 500 | 200 |
| 26. Други градинарски култури | 500 | 100 |

При производство на основно семе изолацијата задолжително се зголемува за 10-50% во зависност од видот.

* Просторна изолација од посев заразен со прашестата гламја изнесува 160 м.